**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
ул.Самоилова бр.10, 1000 Скопје, тел: +389 2 3244 760; факс. +389 2 3244 766
www.dzlp.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 31.03.2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1596/1 | | |

Бр.03-424/1
30.03.2009 година
С к о п ј е

**До**
**Собрание на Република Македонија**
**г-дин Трајко Вељаноски, Претседател**

Предмет: **Доставување на Годишен Извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2008 година**

Врз основа на член 42 став (1) од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија број 7/2005 и 103/2008), Ви го доставувам Годишниот извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2008 година во писмена и електронска форма (ЦД).

Со почит,

Директор,
Маријана Марушиќ

ДЗЛП
Дирекција за заштита на личните податоци на Република Македонија

# Годишен извештај

## за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци

2008

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2008 ГОДИНА

**Бр. 01-423/1**
**Скопје, март 2009 година**

**КРАТОК ПРЕГЛЕД** ........ 5

**МИСИЈА** ........ 7

**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ** ........ 8

**1. ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ** ........ 10

1.1. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИОРИТЕТИ ВО 2008 ГОДИНА ........ 10
1.2. ПРИОРИТЕТИ ЗА 2009 ГОДИНА ........ 10

**2. НАДЗОР** ........ 12

2.1. ВОВЕД ........ 12
2.2. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ........ 13

**3. ПРАВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ** ... 20

3.1. НОВЕЛИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ........ 20
3.2. КОНЗИСТЕНТНОСТ ........ 22
3.3. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ........ 26

**4. УЧЕСТВО ВО ЕВРОИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 28

4.1. НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА 28
4.2. ПОТКОМИТЕТ ЗА ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ........ 28
4.3. ИПА 2008 КОМПОНЕНТА I - ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ ........ 28
4.4. EUROJUST ........ 29
4.5. EUROPOL ........ 29
4.6. ВИЗНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА ........ 30
4.7. ПРОЕКТИ И РАБОТНИ ГРУПИ ........ 30

**5. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ** ........ 32

**6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ........ 33

6.1. РАБОТНА ГРУПА 29 (WORKING PARTY 29) ........ 33
6.2. КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ (T-PD) ........ 33
6.3. ИНТЕРНАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОРГАНИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ .. 33
6.4. ПРОЛЕТНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ОРГАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 34
6.5. МЕЃУНАРОДНА ГРУПА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОБЛАСТА НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИТЕ ........ 34
6.6. РАБОТИЛНИЦА ЗА СЛУЧАИ ОД ПРАКТИКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ........ 34

**7. ЕДУКАЦИИ** ........ 36

7.1. СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ........ 36
7.2. „КАЗНЕНО-ПРАВНАТА РЕФОРМА И ПОЧИТУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ........ 36
7.3. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ........ 36
7.4. ФОНДАЦИЈА МЕТАМОРФОЗИС ........ 36
7.5. МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ ........ 37
7.6. ЕВРОПСКА УНИЈА - TAIEX ........ 37
7.7. АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 38
7.8. „СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО СУДСКИ ОДЛУКИ“ ........ 38
7.9. „ЗАШТИТА НА РАЗУМНИТЕ ОЧЕКУВАЊА НА ПРИВАТНОСТА НАСПРОТИ ЕФИКАСНОСТА ВО БОРБАТА СО КРИМИНАЛОТ И КОРУПЦИЈАТА ВО ПРАВНА ДРЖАВА“ ........ 38
7.10. ДРУГИ ЕДУКАЦИИ ........ 38

**8. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ...... 40**
8.1. Актуелни прашања ...... 40
8.2. Комуникации ...... 40
8.3. Ден за заштита на личните податоци - 28 јануари ...... 41
8.4. Подготовка за одбележување на Денот за заштита на личните податоци – 28 јануари во 2009 ...... 41
**9. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ...... 42**
**10. КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ...... 44**
**11. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ...... 45**
11.1. Реализација на Буџетот за 2008 година ...... 45
**12. ПРЕПОРАКИ ...... 48**
**13. АНЕКС - ТАБЕЛИ СО ПОДАТОЦИ И ПРЕГЛЕДИ ...... 49**
Табела бр. 1 Податоци за извршените надзори ...... 49
Табела бр.2 Преглед на контролори и обработувачи кај кои е извршен надзор ...... 50
Табела бр. 3 Преглед на дадени стручни мислења ...... 53
Табела бр.4 Преглед на дадени укажувања ...... 54
Табела бр.5 Преглед на постапки по барања на граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци ...... 54
Табела бр. 6 Преглед на регистрирани контролори во Централниот регистар на збирки со личните податоци ...... 55
Табела бр. 7 Преглед на медиумска застапеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци ...... 55
Табела бр. 8 Преглед на едукации ...... 56
Табела бр. 9 Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2008 година 57
Табела бр.10 Компаративна табела на реализација на финансиски средства по години . 57

# КРАТОК ПРЕГЛЕД

Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2008 година има за цел да обезбеди целосен приказ на остварувањата и реализираните програмски цели во 2008 година, како и да понуди перспективи и препораки за 2009 година.

Концептуално, Годишниот извештај е систематизиран во 12 тематски поглавја и поглавје 13 Анекс во кој што се содржани бројни податоци и прегледи по разни основи, и тоа по следниот редослед:

Во **Главата 1 – Постигнувања и перспективи** е дадена општата слика за активностите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, преку претставување на постигнатите резултати во 2008 година и поставување на приоритетите за 2009 година.

Во **Главата 2 – Надзор** се прикажани активностите на Секторот за вршење надзор во однос на извршените контроли во текот на 2008 година, како и промените во прописите за заштита на личните податоци во насока на воведување на инспекцискиот надзор.

Во **Главата 3 – Правна регулатива за заштита на личните податоци** детално е претставен начинот на имплементација на правната регулатива во областа на заштитата на личните податоци, новелите на Законот за заштита на личните податоци, како и стремежот за постигнување на конзистентност во правниот систем преку давањето на стручни мислења на контролорите и обработувачите, на физичките лица и на државните органи во однос на предлог законите, подзаконските акти и меѓународните договори. Во оваа глава се презентирани и остварените резултати во постапките за утврдување на повредата на правото на заштита на личните податоци поведени по барања на физички лица.

Во **Главата 4 – Учество во евроинтегративниот процес на Република Македонија** се претставени сите програми, проекти и работни групи во кои Дирекцијата за заштита на личните податоци активно учествува, а се во функција на успешно и континуирано водење на процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија кон добивање на датум за преговори.

**Во Главата 5 – Централен регистар на збирки на лични податоци** се опфатени процесите на Дирекцијата за заштита на личните податоци за евидентирање на збирките на лични податоци кои ги имаат контролорите.

Во **Главата 6 – Меѓународна соработка** се опишани меѓународните активности на Дирекцијата за заштита на личните податоци преку учеството во телата на Европската унија, Советот на Европа, како и во меѓународните мрежи на органите за заштита на личните податоци.

Во **Главата 7 – Едукации** се наведени позначајните проекти во кои беше вклучена Дирекцијата за заштита на личните податоци во текот на 2008

година, вклучувајќи ги и одржаните обуки, трибини, тркалезни маси и јавни расправи на кои беа опфатени различни аспекти на заштитата на личните податоци.

Во **Главата 8 – Подигнување на јавната свест** се презентирани приоритетите во креирањето на краткорочните комуникациски стратегии за подигање на јавната свест и алатките за нивна реализација. Воедно, во оваа глава е претставен и најголемиот промотивен настан во областа на заштитата на личните податоци, 28 јануари - Европскиот ден за заштита на личните податоци.

Во **Главата 9 – Организациска структура** е прикажана организациската шема и промените во 2008 година во однос на организациската поставеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Во **Главата 10 – Кадровски потенцијал** е даден преглед на кадровската структура на Дирекцијата за заштита на личните податоци, како еден од клучните приоритети за успешно извршување на нејзините надлежности.

Во **Главата 11 – Финансиско работење** е прикажана реализацијата на Буџетот на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2008 година.

Во **Главата 12 – Препораки** се наведени препораките за активностите кои следат во 2009 година.

Во **Главата 13** – **Анекс-Табели со податоци и прегледи** се содржани показатели за извршените надзори, за контролорите и обработувачите кај кои е извршен надзорот, за дадените стручни мислења и укажувања, за постапките по барања на граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, за регистрираните контролори и збирки на лични податоци во Централниот регистар на збирки на лични податоци, за медиумската застапеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци и за реализацијата на финансиските средства по ставки и години.

Сите оние кои сакаат да дознаат повеќе информации за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, но и за правото на заштитата на личните податоци и приватноста воопшто, можат да ја посетат веб страницата на Дирекцијата www.dzlp.mk.

По краткиот преглед на содржината на Годишниот извештај, следат мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци и воведното обраќање на Маријана Марушиќ, директор на Дирекцијата.

# МИСИЈА

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата) е да обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и целосна заштита на ова право од какви било злоупотреби при собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните, како и заштита од неовластени промени, уништување и пренос на личните податоци, што се утврдува преку вршење надзор над обработката на личните податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Дирекцијата е одговорна за:

- креирање на нормативна политика за имплементација на прописите за заштитата на личните податоци;
- почитување на начелата за заштита на личните податоци;
- давање мислења по подзаконските акти на контролорот и обработувачот и помош во обработката на личните податоци;
- вршење надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита;
- евалуација на законитоста на обработката на личните податоци;
- постапување по барања на физички лица за утврдување на повреда на нивните права во однос на обработката на личните податоци;
- водење на Централен регистар на збирки на лични податоци;
- водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави и
- остварување на меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учество во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци.

Покрај овие основни функции, Дирекцијата се стреми и кон реализирање на своите стратешки активности:

- промоција на „културата на заштита на личните податоци" кај сите контролори и обработувачи и кај пошироката јавност и
- постојано подобрување на квалитетот на политиките и насоките за заштита на личните податоци, секогаш кога тоа е услов за успешно исполнување на целите за заштита на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните.

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Ми претставува особено задоволство да го доставам до Собранието на Република Македонија, четвртиот Годишен извештај за работењето на Дирекцијата, како надлежна институција за имплементација на правната регулатива во областа на заштитата на личните податоци, а особено како институција што се грижи за подигнување на јавната свест за ова право.

Овој Извештај се однесува на активностите на Дирекцијата во текот на 2008 година, како трета полна година на функционирање од нејзиното формирање.

Во Република Македонија, правото на заштита на личните податоци за првпат е нормирано во член 18 од Уставот на Република Македонија, со што е поставена основата за обезбедување гаранција на сигурност и тајност на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет на граѓаните. Во 2005 година донесен е Законот за заштита на личните податоци[1] кој е lex generalis во оваа област.[2] Правната рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја дополнува и Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци,[3] како и Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци.[4]

Со Законот за заштита на личните податоци воспоставен е еден нов концепт во Република Македонија, кој подразбира вклучување на правото на приватност на граѓаните во нашиот правен систем и негова заштита, односно заштита на нивните лични податоци. Со Законот за заштита на личните податоци, приватноста станува компонента на новото информатичко општество, а не само индивидуална потреба. На граѓаните им е дадена моќ да ги контролираат и да влијаат врз „господарите на информации“, со тоа што сами определуваат кои од нивните лични податоци ќе бидат јавно достапни, а кои не. Досегашните искуства на Дирекцијата покажуваат дека јавноста позитивно ги прифаќа воспоставените начела за заштита на личните податоци.

Воспоставувањето на правна и институционална рамка за заштита на личните податоци претставува исклучително важен момент во историјата на заштитата на човековите права во Република Македонија, но и огромен

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005

[2] Конкретно, Директивата 95/46/ЕК за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци на Европскиот парламент и Советот, во голем дел беше имплементирана во Законот за заштита на личните податоци.

[3] Законот за ратификација на Конвенцијата 108/81 е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005. Конвенцијата е ратификувана на 24 март 2006 година, а влезе во сила на 1јули 2006 година.

[4] Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08. Дополнителниот протокол влезе во сила на 1јануари 2009 година.

предизвик. Основните начела предвидени во Законот за заштита на личните податоци треба да бидат лесно применливи во практиката, без разлика дали станува збор за обработка на лични податоци од страна на контролорите или за развивање на правила и политики на работа кои се тесно поврзани со заштитата на приватноста на граѓаните.

Би сакала да ја изразам мојата благодарност до сите контролори, од јавниот и приватниот сектор, со кои соработувавме во текот на изминатата година, до сите наши соработници од државниот, приватниот и невладиниот сектор кои ни дадоа поддршка во реализацијата на дел од нашите активности и се разбира до граѓаните кои ни ја дадоа својата доверба како институција која има улога да го заштити нивното право на приватност.

На крај, изразувам благодарност до тимот на Дирекцијата за заштита на личните податоци чија посветеност на работата, амбициозноста во истражувањето и градењето на стандарди во оваа област и постигнатиот квалитет се покажаа како клучни во ефикасноста и успешноста на оваа млада и динамична институција.

Директор,

Маријана Марушиќ

# 1. ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ

## 1.1. Реализирани приоритети во 2008 година

Во текот на 2008 година се реализирани главните планирани активности и приоритети на Дирекцијата за извештајниот период, а кои беа фокусирани кон продолжување на сите претходно започнати процеси за континуиран напредок во областа на заштитата на личните податоци:

- Активно партиципирање на Дирекцијата во изградување на конзистентен правен систем од аспект на доследно почитување на начелата за заштита на личните податоци;

- Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со што се зајакна институционалната рамка на Дирекцијата како независен орган надлежен за вршење инспекциски надзор, кој воедно може да изрекува и прекршочни санкции, како и се постигна целосно имплементирање на acquis communautaire во оваа област;

- Донесување на Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци;

- Одржување на континуитетот во остварувањето на меѓународна соработка и активно учество во работата на органите и телата на Советот на Европа и Европската унија и останатите меѓународни мрежи што работат во областа на заштитата на личните податоци;

- Интензивирање на надзорот над обработката на лични податоци во јавниот и приватниот сектор;

- Внесување и тековно водење на збирките на лични податоци на контролорите во Централниот регистар на збирки на лични податоци и

- Организирање обуки, семинари и други едукативни форми за контролорите, обработувачите и физичките лица.

## 1.2. Приоритети за 2009 година

Планирани активности и приоритети на Дирекцијата за 2009 година се:

- Целосна имплементација на прописите за заштита на личните податоци, од страна на контролорите и обработувачите;

- Активно учество на претставници на Дирекцијата во работни групи и проекти со цел да се постигне усогласеност на прописите со начелата за заштита на личните податоци;

- Евидентирање на збирките на лични податоци што се водат на територијата на Република Македонија во Централниот регистар на збирки на лични податоци, заради обезбедување на поголем степен на транспарентност при обработката на лични податоци;

- Вршење на обуки и давање на стручна помош за заштита на личните податоци на заинтересирани контролори и обработувачи;

- Подигање на јавната свест на физичките лица за правото на заштита на личните податоци и инструментите што можат да ги користат доколку дојде до злоупотреба на ова нивно право;

- Подигање на јавната свест на физичките лица при користење на нивните личните податоци на интернет, а особено на мрежите за социјална интеракција;

- Продолжување на меѓународните активности на Дирекцијата со активно учество во работата на органите и телата на Европската унија, Советот на Европа и другите меѓународни мрежи што работат во обласата на заштита на личните податоци;

- Интензивирање на соработката со државните органи и приватниот сектор, преку давање на мислења и укажувања во врска со усогласеноста на нивните предлог закони и подзаконски акти со прописите за заштита на личните податоци;

- Континуирано вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци и прописите донесени врз основа на овој закон во јавниот и приватниот сектор;

- Кадровско и техничко зајакнување на Дирекцијата;

- Изготвување и донесување на Стратегија за развој на Дирекцијата за период 2010-2015 година.

# 2. НАДЗОР

## 2.1. Вовед

Една од основните надлежности на Дирекцијата се однесува на вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. За остварување на оваа надлежност во рамките на Дирекцијата е формиран Секторот за вршење надзор.

Во 2008 година посебен акцент беше ставен на изменување на одредбите во Законот за заштита на личните податоци во делот на вршење на надзор и контрола над обработката на личните податоци, а во насока на зајакнување на оваа надлежност на Дирекцијата преку воспоставување на инспекциски надзор.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци[5] е утврдено одредбите за инспекцискиот надзор да се применуваат по шест месеци од денот на неговото влегување во сила, односно од 28 февруари 2009 година. Со воведување на инспекцискиот надзор, лицата овластени за вршење контрола стануваат инспектори за заштита на личните податоци, кои за утврдените повреди донесуваат решенија, против кои контролорите и обработувачите можат да поднесат тужба за поведување управен спор пред Управниот суд на Република Македонија. Доколку инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор утврдат повреда на Законот за заштита на личните податоци или друг закон, поведуваат постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците, а доколку се одбие порамнувањето, инспекторите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршок на Дирекцијата. За целокупната постапка што се води во текот на инспекцискиот надзор, се утврдени прецизни и кратки рокови.

Со Правилникот за начинот на вршење инспекциски надзор[6] донесен од директорот на Дирекцијата, детално е пропишана постапката за начинот на вршење на инспекциски надзор од страна на инспекторите за заштита на личните податоци кај контролорите, односно обработувачите согласно Годишната програма за вршење на инспекциски надзор и месечните оперативни планови.

Со цел да им се овозможи на граѓаните на полесен начин да го остварат правото на заштита на личните податоци, беше подготвен и образец на Барањето за вршење контрола кој е достапен на веб страницата на Дирекцијата.

[5] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.103/08
[6] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.143/08

## 2.2. Активности на Секторот за вршење надзор[7]

Секторот за вршење надзор го сочинуваат Одделението за вршење надзор над јавниот сектор и Одделението за вршење надзор над приватниот сектор. Во 2008 година, Секторот за вршење надзор броеше четири државни службеници. Поддршка во неговата работа со учество при вршењето на надзор даваат државните службеници од Секторот за Централен регистар и информатичка поддршка, кои ја следат обработката на личните податоци од аспект на преземените технички и организациски мерки за нивна тајност и заштита, а кога е тоа потребно поддршка на овој Сектор му даваат и државните службеници од Секторот за правни работи.

Во текот на 2008 година извршени се 72 надзори[8]. Од нив 38 беа редовни, 33 вонредни и 1 контролен надзор (слика бр.1). Постапките за 19 надзори кои започнаа во 2007 година, завршија во 2008 година (слика бр.2). Споредено со 2007 година, во 2008 година се зголеми бројот на вонредните надзори за 30%, што е индикатор за зголемената свест кај граѓаните за заштитата на личните податоци како едно од основните човекови права (слика бр.3). Најголемиот дел од вонредните надзори се извршија во приватниот сектор.

Со извршените надзори беа опфатени контролори од јавниот и приватниот сектор. Во приватниот сектор беа опфатени 41 контролор, а во јавниот сектор 31 контролор (слика бр.4).

Приоритетни области за вршење надзор беа: здравство, осигурување на имот, телекомуникации, банкарството, маркетинг, социјалната заштита.

Надзорите беа извршени во државни органи, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани, политички партии, јавни претпријатија и други правни лица со различна дејност.

Во текот на 2008 година, граѓаните особено се жалеа за обработка на личните податоци преку видео надзор, но и за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг, без да им биде побарана претходна согласност од страна на контролорите.

За првпат беа извршени надзори во однос на обработката на личните податоци преку видео надзор кај контролори од приватниот сектор.

Во 2008 година се забрани и обработка на посебни категории на личните податоци (биометриски податоци) за вработените кај еден контролор, заради неисполнување на условите за обработка на истите.[9]

Со оглед дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци беше утврден нов транзициски период во кој контролорите и обработувачите имаат обврска да го усогласат своето

---

[7] Табела бр.1 од Анексот кон Годишниот извештај

[8] Табела бр.2 од Анексот кон Годишниот извештај.

[9] Контролорот обработуваше биометриски податоци за евидентирање на работното време, кои не беа соодветни, релевантни и беа преобемни во однос на целите заради кои се вршеше обработката.

работење со новите промени во оваа област, за утврдените повреди и неправилности констатирани при вршењето на надзор, Дирекцијата не поднесе барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

*Во 2008 година кај 2/3 од контролорите и обработувачите кај кои беше извршен надзор е утврдена повреда на начелата за заштита на личните податоци. Дирекцијата во наредниот период ќе се насочи кон зголемување на бројот на контролни надзори, со цел да се провери дали контролорите и обработувачите ги отстраниле констатираните повреди. Посебен акцент ќе се стави на вршење инспекциски надзор над обработката на личните податоци преку вршење видео надзор, биометриски податоци и обработката на личните податоци преку користење на информатичка технологија.*

***Преглед на најчести утврдени повреди при извршените надзори во 2008 година***

| **Утврдени повреди од Законот за заштита на личните податоци** | **Член од ЗЗЛП** | **Вкупно контролори** |
|---|---|---|
| Контролорите, односно обработувачите ги обработуваат личните податоци без да постои правен основ за тоа; Личните податоци се преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат; Личните податоци не се бришат по исполнување на целите поради кои истите се собрани. | 5 | 42 |
| Контролорите, односно обработувачите обработуваат лични податоци без претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци. | 6 | 9 |
| Контролорите, односно обработувачите обработуваат посебни категории на лични податоци без да постои правен основ за тоа. | 8 | 4 |
| Контролорите, односно обработувачите обработуваат матични броеви на граѓаните без да постои правен основ за тоа; Не се води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирките на лични податоци. | 9 | 3 |
| Контролорите, односно обработувачите кои вршат видео надзор не истакнале известување; Видео надзорот се врши надвор од просторот кој е доволен за исполнување на целите за кои е поставен; Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат подолго од 30 дена. | 9-а | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| Контролорите, односно обработувачите вршат видео надзор во службени или деловни простории, што е преобемно во однос на целта за која е поставен видео надзорот; не е донесен посебен акт за вршењето на видео надзор. | 9-б | 3 |
| За вршење на видео надзор во станбени згради не е обезбедена согласност од сите сопственици на становите. | 9-в | 1 |
| Кога податоците се прибираат од субјектот на лични податоци, тој не е информиран за идентитетот на контролорот, целите на обработката и задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата. | 10 | 4 |
| Контролорите, односно обработувачите обработуваат лични податоци за цели на директен маркетинг без да обезбедат претходна согласност од субјектот на личните податоци; на субјектот на лични податоци не му е овозможено правото во секое време, да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг. | 13-а | 3 |
| Контролорите, односно обработувачите не применуваат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка; не се води документација со опис на техничките мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. | 23 | 22 |
| Лицата кои вршат обработка на личните податоци кај контролорите, односно обработувачите немаат добиено од контролорите овластување за таа цел; Контролорите, односно обработувачите не ги запознаваат со начелата за заштита на личните податоци, лицата на кои им се дава пристап до личните податоци. | 24 | 9 |
| Контролорите, односно обработувачите не водат евиденција за лицата кои се овластени за вршење на обработка на личните податоци. | 25 | 6 |
| Во договорите склучени помеѓу контролорите и обработувачите не се содржани обврските за обработувачите да постапуваат единствено во согласност со упатствата добиени од страна на контролорите, како и обврските за обработувачите да преземаат технички и организациски мерки за да обезбедат тајност и заштита на обработката на личните податоци. | 26 | 20 |
| Контролорите пред да почнат со обработка на личните податоци не се регистрираат во Централниот регистар на збирки на личните податоци на Дирекцијата и не ја | 27 | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| известуваат Дирекцијата за збирките со лични податоци кои ги водат. | | |
| Контролорите вршат пренос на лични податоци во други држави без претходно добиено одобрение од Дирекцијата, односно без изречна согласност на субјектот на личните податоци. | 31<br>33 | 2 |

*Слика бр.1 - Број на контролори кај кои е извршен надзор по вид*




*Слика бр.2 - Преглед на извршени надзори од август 2006 до 2008 година*



*Слика бр.3 Споредба на извршените вонредните надзори во 2007 и 2008 година*




*Слика бр.4 Број на контролори кај кои е извршен надзор по сектори*



***Слика бр.5 - Процентуален преглед на бројот на контролорите кои ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци***




***Слика бр.6 - Процентуален преглед на бројот на контролорите кои применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци***



# 3. ПРАВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## 3.1. Новели на Законот за заштита на личните податоци

Заради целосно усогласување на Законот за заштита на личните податоци со правото на Европската унија, односно со Директивата за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци 95/46/ЕК на Европскиот Парламент и Советот на Европската унија се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.

Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци е усогласен и со ратификуваната Конвенција за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци бр.108/81 на Советот на Европа од 28.01.1981 година, како и со и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматска обработка на лични податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, кој што со ратификација стана дел од правниот систем за заштита на личните податоци во Република Македонија.

Со новелите на Законот за заштита на личните податоци се постигна:

- Дополнување на дефиницијата на „посебните категории на лични податоци“ со податоците кои го откриваат филозофското уверување, генетските податоци и биометриските податоци.

- Проширување на важењето на одредбите на Законот и врз обработката на личните податоци заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија, како и обработката на личните податоци при водењето на кривична постапка. Ова проширување беше клучен услов во преговорите за склучување на Договорот за соработка помеѓу EUROJUST и Република Македонија, кој беше потпишан на 28 ноември 2008 година и претставува услов за отпочнување на преговорите за склучување на Оперативен договор со EUROPOL.

- Нормативно уредување на видео надзорот, односно детално разработување на постапката за известување при вршење на видео надзор, рокот во кој што можат да се чуваат снимките, освен ако не е поинаку уредено со друг закон, целите заради кои може да се врши видео надзор, како и случаите кога е изречно забрането вршењето на видео надзор.

- Поедноставување на постапката за пренос на лични податоци во други држави, во насока на исклучување на обврската за давање согласност за пренос на податоци во земјите членки на Европската унија и земјите на Европскиот економски простор (Норвешка, Лихтенштајн и Исланд), со оглед на тоа дека овие земји обезбедуваат соодветен степен на заштита

на личните податоци. Овие законски решенија се во функција на усогласување со одредбите на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за заштита на лицата во поглед на автоматската обработка на личните податоци, а во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа.

- Воспоставување на инспекциски надзор со што се зајакнува улогата на Дирекцијата како единствен надзорен орган за заштита на личните податоци на територијата на Република Македонија. Со овие законски решенија се воспоставуваат три вида на инспекциски надзор: редовен, вонреден и контролен. Воедно, се зголемија овластувањата на инспекторите за заштита на личните податоци со цел да се преземат сите дејствија за целосно утврдување на состојбите при обработката на личните податоци и донесување на решение со мерките што треба да се преземат за отстранување на констатираните неправилности.

- Воведување на принципот на техничка неутралност, со кој се овозможува применливост на одредбите со кои се регулираат стандардите за тајност и заштита на обработката на лични податоци, без оглед на развојот на современата информатичка технологија.

- Исклучување на примената на дел од одредбите на Законот врз литературен и уметнички израз, како и во професионалното новинарство, согласно со етичките правила на оваа професија, со што се овозможува постигнување на баланс меѓу слободата на креирање и изразување на мислата и правото на заштита на личните податоци.

- Дирекцијата да има статус на прекршочен орган, кој ќе изрекува прекршочни санкции, согласно Амандманот XX на Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоците. За остварување на оваа надлежност, Дирекцијата формира Комисија за одлучување по прекршок, составена од тројца искусни правници, која согласно Законот ќе ја спроведува прекршочната постапка во Дирекцијата. Покрај пренесувањето на надлежноста за одлучување по прекршоците во Дирекцијата, со новелите се изврши и поделба на прекршочните санкции-глоби во три групи, и тоа: за контролори – за физичко лице од 500 евра до 900 евра, за одговорно лице во правно лице од 700 евра до 1200 евра и за правно лице од 2000 евра до 4000 евра, а за обработувачи – за физичко лице 600 евра, за одговорно лице во правно лице 700 евра и за правно лице 2500 евра.

Согласно одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, директорот на Дирекцијата ги донесе следниве подзаконски акти:

- Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во

евиденцијата, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.136/08 од 30 октомври 2008 година;

- Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.143/08 од 13 ноември 2008 година;

- Правилник за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.143/08 од 13 ноември 2008 година;

- Правилник за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.155/08 од 16 декември 2008 година.

Во периодот на подготвување на овој Извештај донесен е и Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.38/09 од 18.03.2009 година.

## 3.2. Конзистентност

Во текот на 2008 година Дирекцијата издаде 358 стручни мислења за практичната имплементација на Законот за заштита на личните податоци.[10] Најголем дел од мислењата, вкупно 305 се однесуваа на предлог закони, подзаконски акти и меѓународни договори, на актите на контролорите со кои што се уредуваат техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита при обработка на личните податоци, односно за нивата усогласеност со прописите и начелата за заштита на личните податоци, како и за оценка на степенот на заштита на личните податоци при пренос на лични податоци во други држави, додека 53 мислења се издадени во врска со прашања на физички лица кои особено се однесуваа на злоупотреба на личните податоци на интернет, заштита на личните податоци на работните места, злоупотреба на лични податоци собрани и обработени преку видео надзор.
Дирекцијата издаде и 16 укажувања за доследно применување на прописите и начелата за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите.[11]

[10] Табела бр.3 од Анексот кон Годишниот извештај
[11] Табела бр.4 од Анексот кон Годишниот извештај

*Слика бр. 7 Преглед на дадени стручни мислења*




*Слика бр.8 Преглед на дадени укажувања*




***Мислења дадени по однос на закони, подзаконски акти и меѓународни договори***

| **Закони, подзаконски акти и меѓународни договори за кои Дирекцијата даде мислења** |
|---|
| Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија; |
| Договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Кралството Белгија за полициска соработка; |
| Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Кралството Шпанија за |

| |
|---|
| соработка во борба против криминалот; |
| Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Чешка за соработка во борба против организираниот криминал, нелегална трговија со наркотични средства и психотропни супстанции, тероризам и други видови опасни криминални активности; |
| Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; |
| Предлог Законот за внатрешни работи; |
| Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за надзор над државната граница |
| Предлог на Закон за индустриска сопственост |
| Предлог на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување |
| Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за полициска соработка |
| Меморандум за правни и правосудни гаранции против незаконска обработка на лични податоци |
| Стратегија за развој на широкопојасен интернет |
| Предлог за донесување на Закон за правната заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап |
| Предлог на Закон за евиденции од областа на здравството |
| Правилник за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа |
| Правилник за формата и содржината на годишните, полугодишните, тромесечните и тековните извештаи и резимето од годишните извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во регистар на Комисијата за хартии од вредност |
| Правилник за начинот на пресметка на коефициентите на изложеност на овластеното правно лице со дозвола за работење со хартии од вредност |
| Правилник за содржината и начинот на водење на книгата на налози |
| Правилник за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда |
| Правилник за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост и извештајот за промена на сопственост на член на надзорен, управен одбор и одбор на директори на акционерско друштво со посебни обврски за |

| |
|---|
| известување, како и на лицата со посебни одговорности и овластувања |
| Правилник за формата и содржината на барањето за основање на депозитар на хартии од вредност |
| Правилник за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост на акционер, извештајот за промена на сопственост на акционер и конечниот извештај за промена на сопственост на акционер |
| Правилник за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност |
| Правилник за содржината и начинот на чување на документите и податоците од страна на овластено правно лице |
| Правилник за начин на потврдување на прифаќање на налог за тргување со хартии од вредност |
| Правилник за известување од страна на депозитар на хартии од вредност за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување |
| Правилник за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност |
| Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистерот на брокери |
| Правилник за постапката за обновување на дозволата за работење на брокер |
| Правилник за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност |
| Правилник за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност |
| Правила за однесување на комисионерите и вработените во Комисијата за хартии од вредност |
| Правилник за формата и содржината на барањето што се поднесува за дозвола за основање на берза |
| Правилник за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник |
| Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на друштва за инвестиционо советување во Комисијата за хартии од вредност |
| Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на инвестициони советници |
| Правилник за начинот и постапката на давање согласност за именување на |

| |
|---|
| директор на берза |
| Правилникот за начинот на постапување со анкетните листови |
| Правилникот за формата и содржината на образецот на изјавата за согласност |
| Правилникот за начинот на пропишување и издавање на лекови на рецепти |
| Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад |
| Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата |

### 3.3. Постапување по барања за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци

Во текот на 2008 година беа поднесени вкупно 52 барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци од страна на физички лица кои сметаат дека им е повредено правото на заштита на личните податоци. [12]

Од вкупниот број на поднесени барања, за 50 барања постапката е завршена, а за две барања постапката продолжи и во текот на 2009 година.

Според досега поднесените барања, физичките лица во 2008 година најмногу се жалеа на повреда на правото на заштита на личните податоци поради:

- крадење на идентитет;
- објавување на лични податоци на интернет без согласност на субјектот на личните податоци;
- откривање на личните податоци на трети лица без законски основ и без согласност на субјектот на личните податоци;
- неовластено користење на матичните броеви на граѓаните од страна на правни лица;
- неовластено користење на личните податоци за вршење на директен маркетинг.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци се поедностави постапката за постапување по барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, на начин што се укина Комисијата на Дирекцијата за постапување по барања и претставки како

[12] Табела бр.5 од Анексот кон Годишниот извештај

првостепен орган и се воведе одлучување во прв степен од страна на директорот на Дирекцијата. Против решението на директорот на Дирекцијата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред  Управниот суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Согласно одредбите на членовите 49 и 50 од Законот за заштита на личните податоци[13], Дирекцијата во текот на 2008 година поднесе пет барања за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд заради крадење на идентитет. Постапката за овие барања продолжи и во текот на 2009 година.

[13] „Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05

# 4. УЧЕСТВО ВО ЕВРОИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Национална програма за усвојување на правото на Европската унија за 2008 година

Во извештајниот период, Дирекцијата продолжи со реализација на мерките и активностите, кои произлегуваа од Поглавјето 23 - Правосудство и човекови права и од Поглавјето 10 Информатичко општество и медиуми од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) за 2008, од аспект на заштитата на личните податоци. Подготвен е документ за ажурирање на НПАА за периодот 2008 - 2010 година и финансиска конструкција за потребните финансиски средства за имплементација на предложените активности во НПАА. Клучните активности планирани во НПАА за 2008 година се реализирани.

## 4.2. Поткомитет за правда, слобода и безбедност

На Петтиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Европската унија и Република Македонија, што се одржа во Брисел на 27-28 ноември 2008 година, беше ставен акцент на фундаменталните човекови права, меѓу кои и на правото за заштита на личните податоци. Пред претставниците на Европската комисија беше претставено досегашното работење на Дирекцијата преку достигнувањата во сферата на заштита на личните податоци во Република Македонија, односно со презентирање на новелите на Законот за заштита на личните податоци кои претходно беа објаснети во Главата 3, подглава 3.1 од овој Извештај.

## 4.3. ИПА 2008 Компонента I - Помош при транзиција и градење на институции

Како дел од оперативната структура на Националната програма за Република Македонија за компонента I - Помош при транзиција и градење на институции 2008 (ТАИБ 2008), во текот на 2008 година се номинираше Виш програмски службеник (СПО), лице одговорно за сите технички аспекти во рамки на ИПА проектите кои ќе ги користи Дирекцијата. Процесот на делегирањето на задачите од страна на Програмскиот службеник за авторизација и Раководител на оперативна структура (ПАО), во врска со програмирањето, техничката имплементација и мониторингот на проектите финансирани во рамки на ИПА, е спроведен со потпишување на Оперативен договор помеѓу ПАО, Национален координатор за авторизација (НАО) и СПО. Истовремено, во Дирекцијата е формирана и работна група која ќе биде одговорна за ефикасната и ефективната имплементација на делегираните задачи за реализација на овој проект.

Проектното фише за Дирекцијата се подготвуваше во соработка со Секретаријатот за европски прашања.

Во рамки на приоритетната оска - Добро раководење и владеење на правото/ политички критериуми од Националната програма за компонента I, преку ИПА ќе биде финансиран еден договор за услуги во вредност околу 600.000 евра, а преку национална контрибуција ќе бидат финансирани два или повеќе договори за набавка за испорака и инсталација, како и тренинг за набавка на ИТ систем, опрема и транспорт во Дирекцијата во вредност околу 250.000 евра.

### 4.4. EUROJUST

Во текот на април 2008 година започнаа преговорите за потпишување на Договор за соработка помеѓу Република Македонија и EUROJUST[14], со цел зајакнување на ефективноста на институциите надлежни за истрага и гонење на сериозни облици на прекуграничен и организиран криминал. Во текот на преговорите беше оценето дека една од главните претпоставки за склучување договор е воспоставување на адекватен систем на заштита на личните податоци во Република Македонија, што резултираше со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и укинување на изјавата содржана во Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, а која се однесува на тоа дека оваа конвенција нема да се применува при водење на кривична постапка. По завршување на овие процеси на 28 ноември 2008 година се потпиша Договорот за соработка помеѓу Република Македонија и EUROJUST.

### 4.5. EUROPOL

Дирекцијата има активно учество и во подготовките на Република Македонија за потпишување на Оперативен договор за соработка со EUROPOL[15], што треба да следи како повисок стадиум на соработка по потпишувањето на Стратегискиот договор за соработка со EUROPOL[16], за чија имплементација од страна на Владата на Република Македонија е усвоен Акциски план со приоритети, кои што се целосно реализирани во текот на 2008 година. Воведувањето на одредби за заштита на лични податоци во Законот за полиција[17] и донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци се клучни претпоставки за склучување на овој договор.

На 28.11.2008 година е потпишан ROAD MAP - План за идни насоки за делување и постапување заради интензивирање на соработката со ЕВРОПОЛ, во чие подготвување активно учествуваа и претставници на Дирекцијата. Со овој Документ предвидени се четири цели: Склучување на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ; олеснување на протокот на информации помеѓу ЕВРОПОЛ и

---

[14] Eurojust е тело на Европската унија основано во 2002 година, чија цел е зајакнување на ефективноста на институциите на земјите членки надлежни за истрага и гонење на сериозни облици на прекуграничен и организиран криминал.

[15] Europol (Европска полициска управа) е агенција на Европската унија задолжена да собира разузнавачки информации од областа на криминалот.

[16] Склучен на 16.01.2007 година.

[17] „Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06.

надлежните државни органи во Република Македонија преку НКТ (воспоставување на безбедна комуникациска врска); обезбедување на потребни средства за Одделението за ЕВРОПОЛ за да може да делува како посредник помеѓу ЕВРОПОЛ и надлежните државни органи во Република Македонија; и активностите за зголемување на свесноста за ЕВРОПОЛ.

Во таа насока, во два наврати беше даден преглед за состојбите во областа на заштитата на личните податоци во Република Македонија. Во декември 2008 година се реализираше студиска посета на експерти од EUROPOL, заради увид во административната пракса при размената на лични податоци, при што е констатиран значителен напредок во оваа област. За посетата од страна на EUROPOL подготвен е Извештај, кој ќе влезе во формална постапка на усвојување и истиот ќе биде проследен до Управниот одбор на EUROPOL, Заедничкото тело за надзор и Советот на Министри, со цел EUROPOL да добие овластување од Советот за започнување на преговори за потпишување на Оперативен договор.

### 4.6. Визна либерализација

Дирекцијата континуирано работеше на реализација на обврските кои произлегуваат од Патоказот на Европската унија за либерализација на визниот режим. За таа цел, секој месец се доставуваше ажуриран преглед на активности кои се реализирани во областа на заштитата на личните податоци, во однос на визната либерализација до Министерството за правда и Министерството за надворешни работи. Оваа практика продолжи во континуитет и во 2009 година.

### 4.7. Проекти и работни групи

Во однос на имплементацијата на Законот за заштита на личните податоци од една страна, како и непреченото одвивање на евроинтегративниот процес на Република Македонија, од друга страна Дирекцијата беше вклучена во:

- **Работните групи на Проектот за воспоставување на Национална разузнавачка база на податоци како и во Управниот одбор на Проектот каде во својство на член е директорот на Дирекцијата.** Основна цел на Проектот е олеснување на процесот за собирање, анализа и размена на податоци и меѓуинституционално координирање на активностите кои што ќе обезбедат поефикасно зголемување на капацитетите на државните органи за борба против организираниот криминал, корупцијата и други форми на криминално делување. Во рамки на Проектот, претставниците на Дирекцијата дадоа значителен број на предлози и сугестии кои се однесуваа на доследно почитување на начелата за заштита на личните податоци, што претставува придонес во концептирањето и изработувањето на Законот за Национална разузнавачка база на податоци.

- **Управниот одбор за воспоставување на информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување и за**

**интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел.** Воспоставувањето на овој информациско-комуникациски систем за интегрирано гранично управување има за цел да овозможи координирање на активностите во врска со граничното управување, разменување на податоци и информации меѓу државните органи надлежни за граничното управување, координирање на активности во итни случаи и координирање на активности во прекугранична соработка во врска со граничното управување;

- **Работната група на Проектот за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државните органи и институциите, чија работа започна во четвртиот квартал на 2008, а ќе продолжи со работа и во 2009 година.** Целта на работната група е да развие модел за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци со кој значително ќе се зголеми ефикасноста на државните институции и ќе се решат значителни правни предизвици поврзани со имплементацијата на Проектот.

- **Проектот Развој на централна база на податоци за странци, вклучувајќи податоци од областа на азилот, миграциите и визите.** Основна цел на овој проект е имплементација на нова централна база на податоци за странци со воспоставување на веб сервис интеграција на Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика, како и апликација на Министерството за внатрешни работи за пристап до базата на податоци, заради овозможување на ефикасна поддршка на работата со странците. Претставници на Дирекцијата се вклучени во овој Проект, преку правна поддршка за доуредување на законската рамка која што ја регулира материјата за азилот, миграциите и визите, како и правно уредување на техничките и организациските мерки за заштита на податоците кои ќе бидат предмет на обработка во оваа база на податоци.

- Во периодот додека се подготвуваше Годишниот извештај, претставници на Дирекцијата се вклучија и во три други работни групи и тоа за: **Шенгенскиот акционен план, Проектот за воспоставување на Меѓународни координативни единици на органите надлежни за спроведување на законот-International Law Enforcement Coordination Units (ILECU's)** и **Интегриран менаџмент во граничната безбедност за имплементација на одредбите за заштита на личните податоци од Конвенцијата за полициска соработка на Југоисточна Европа.**

# 5. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во јануари 2008 година започна да функционира Централниот регистар на збирки на лични податоци (Централниот регистар), како помошен инструмент за остварување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што ги водат контролорите. Во текот на годината, 59 контролори и 183 збирки на лични податоци се регистрираа во Централниот регистар.[18]

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци е предвидено процесот на регистрирање на збирките на лични податоци, контролорите да го завршат најдоцна до 27 август 2009 година.

Со новелите на Законот за заштита на личните податоци е поедноставена постапката за регистрација на збирките на личните податоци на контролорите со воведување на исклучоци за контролорите кои нема да имаат законска обврска да ги регистрираат своите збирки на лични податоци во Централниот регистар. Контролорите чии збирки на лични податоци се јавно достапни врз основа на закон, понатаму збирките на лични податоци на контролорите кои на крајот на претходната година имале најмногу до десет вработени и збирките на лични податоци за членови на здруженија основани за политички, верски, филозофски или синдикални цели немаат обврска да се регистрираат во Централниот регистар. Податоците од Централниот регистар се јавни освен описите за преземените мерки за заштита на личните податоци кај контролорот, заради можноста од нивна злоупотреба.

За олеснување на регистрација на контролорите донесен е и Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци, во кој е разработена постапката за електронската (on-line) регистрација на контролорите и пријавувањето на збирките со лични податоци, начинот на одобрување на контролорите и збирките на личните податоци од страна на Дирекцијата, обврската за пријавување на промени во Централниот регистар, а воедно утврдена е формата и содржината на образецот на Известувањето.

[18] Табела бр.6 од Анексот кон Годишниот извештај

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Една од стратешките определби на Дирекцијата е остварувањето на меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учеството во работата на телата на Европската унија, Советот на Европа и другите меѓународни мрежи на органите за заштита на личните податоци.

## 6.1. Работна група 29 (Working Party 29)

Дирекцијата има статус на набљудувач во Работната Група 29[19] од април 2007 година и оттогаш активно учествува на нејзините состаноци. Во текот на 2008 година, приоритетни теми на Работната група 29 беа пренос на личните податоци во трети земји, електронски комуникации, интернет и нови технологии, биометриските и здравствени податоци.

## 6.2. Консултативен Комитет (T-PD)

Дирекцијата како надлежен орган за заштита на личните податоци во Република Македонија е член на Консултативниот Комитет (T-PD) [20] на Советот на Европа. Претставник на Дирекцијата учествуваше на Пленарната седница на Консултативниот комитет (T-PD) која се одржа од 13 до 14 март 2008 година, на која главниот акцент беше ставен особено на статусот, моќта и степенот на независност на надзорните органи за заштита на личните податоци, а актуелна тема која беше најавена како предизвик за следните активности на надзорните органи е заштитата на личните податоци во полициската и судската соработка.

## 6.3. Интернационална конференција на органите за заштита на личните податоци

Еднаш годишно, во присуство на над 80 органи за заштита на личните податоци се одржува Интернационалната конференција на органите за заштита на личните податоци, која е отворена и за останатите институции од јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Дирекцијата доби акредитација и стана нејзин член во 2007 година, но во 2008 година за прв пат учествуваше со свои претставници на Конференцијата што се одржа од 15 до 17 октомври во Стразбур, Република Франција. Јубилејната 30та Интернационална конференција беше насловена „Приватноста во светот без граници", а имаше за цел да ги идентификува најголемите предизвици кои произлегуваат од фактот

[19] Работната Група за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци е оформена врз основа на Членот 29 од Директивата 95/46/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 24 Октомври 1995 година за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци. Дирекцијата има статус на набљудувач во Работната Група 29.

[20] Консултативен Комитет T-PD е стручно тело за заштита на личните податоци во рамките на Советот на Европа во кое членуваат претставници од надзорните органи за заштита на личните податоци од земјите членки на Советот на Европа.

дека приватноста во меѓународен контекст е предмет на моќни технолошки, политички, правни и економски развојни процеси.

### 6.4. Пролетна конференција на Европските органи за заштита на личните податоци

Претставници на Дирекцијата земаа учество на Пролетната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци што се одржа од 17 до 18 април 2008 година во Рим, Република Италија, а чија цел е остварување на поблиска соработка помеѓу европските надзорни органи кои работат на полето на заштитата на личните податоци. Конференцијата беше посветена на теми како што се безбедносни политики за заштита на приватноста во Европската унија, користење на комерцијални информации со цел поефикасно спроведување на законите, глобализацијата и слободниот проток на податоци и корпоративната перспектива на заштитата на личните податоци. Во текот на Конференцијата се отворија голем број прашања кои ќе претставуваат нови предизвици за мрежата на европски надзорни органи за заштита на личните податоци меѓу кои дали има место за приватност во хипертехнолошкиот свет и кои се највисоките приоритети за заштита на приватноста од аспект на користење на информатичката технологија.

### 6.5. Меѓународна група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите

Дирекцијата е вклучена во работата на Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите од почетокот на 2007 година. Во текот на 2008 година, Дирекцијата присуствуваше на двата одржани состаноци на оваа група, 43-от во Рим, Република Италија и 44-от во Стразбур, Република Франција. Состаноците беа посветени на заштита на приватноста на порталите за социјално вмрежување, заштита на личните податоци на интернет пребарувачот (Google), сајбер криминал, криптирање на биометриските податоци, приватноста и меѓународната стандардизација.

### 6.6. Работилница за случаи од практиката за заштита на личните податоци

Во текот на 2008 година претставници на Дирекцијата учествуваа на Работилниците за случаи од практиката за заштита на личните податоци кои се одржаа во Љубљана, Република Словенија и Братислава, Република Словачка. На овие две работилници се разгледуваа прашањата за употребата на биометриски податоци во приватниот и јавниот сектор, заштита на личните податоци на интернет, законите за лични карти, приватноста на работното место и видео надзор на вработените, работење на Европскиот надзорен орган за заштита на личните податоци (EDPS), инспекциските надлежности на надзорните органи за заштита на личните податоци, балансирање на приватниот и јавниот интерес (заштита на лични податоци наспроти масовните

медиуми), примена на сигурносни мерки или сигурносни правила за целите на обработка на личните податоци и видео надзор.

# 7. ЕДУКАЦИИ

## 7.1. Стопанската комора на Македонија

На 18 февруари 2008 година, во чест на одбележување на Денот на Стопанската комора на Македонија се одржа обука за менаџерите на компаниите, со цел истите да се запознаат со заштитата на личните податоци како нов аспект на доброто управување со компаниите.

## 7.2. „Казнено-правната реформа и почитувањето на човековите права во Република Македонија“

Дирекцијата беше вклучена во работна група која работеше на ревидирање на постојните решенија на Законот за кривичната постапка, во кој ќе биде содржана посебна глава што се однесува на заштита на личните податоци.

Оваа активност се реализираше во рамките на проектот „Казнено-правната реформа и почитувањето на човековите права во Република Македонија“ чија основна цел беше реформа на казненото законодавство на Република Македонија, воспоставување баланс помеѓу ефикасната борба со криминалот и постигнување на највисок степен на заштита на основните човекови права и слободи, вклучувајќи ја и заштитата на личните податоци.

## 7.3. Правен факултет „Јустинијан Први“

Во текот на 2008 година на 4, 5 и 6 мај беа одржани шест тематски предавања, како дел од клиничката настава на студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“, слушатели на предметот Административно право, заради нивно запознавање со прописите и начелата за заштита на личните податоци.

## 7.4. Фондација Метаморфозис

Во текот на 2008 година, Фондацијата Метаморфозис и Првата детска амбасада „Меѓаши“ во соработка со Дирекцијата, а со поддршка од Европската унија, го реализираа проектот CRISP (Children’s Rights on the Internet – Safe and Protected) - Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет чија цел беше подигнување на свеста за постојните опасности кои демнат на интернет, доколку не се знае начинот за негово правилно користење и заштита. Ова особено што интернетот нуди безброј информации, знаења и забавни содржини, како за децата, така и за возрасните, различни форми на забава и неограничени можности за комуникација, но, истовремено со себе носи и бројни потенцијални опасности и ризици за приватноста и безбедноста на неговите корисници, посебно на децата и нивните семејства. Во тој контекст, Дирекцијата беше вклучена во процесот на едукација на едукатори од невладиниот сектор кои го спроведуваа проектот преку одржување обуки во основните и средните училишта низ Република Македонија, како и во процесот на спроведување на дел од едукациите на учениците, професорите и родителите.

Во организација на Фондацијата Метаморфозис, на 10 декември 2008 година се одржа Четвртата меѓународна конференција Е-општество.мк на тема „ИКТ во образованието”, посветена на прашањата поврзани со информатичко-комуникациските технологии во образованието, тековните проекти во оваа област кои што се спроведуваат во Република Македонија и предизвиците поврзани со нив, е-содржини и отворен пристап, пристапност, приватност и сигурност, иднината на академските и истражувачки мрежи и платформите за е-образование. Во тие рамки Дирекцијата ја презентираше темата „Заштита на приватноста во образовниот систем“. (www.e-society.org.mk).

## 7.5. Македонски институт за медиуми

Дирекцијата е вклучена во Проектот “Техничка помош за имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер” на Македонскиот институт за медиуми преку обучен тренер за слободен пристап до информации од јавен карактер, чија улога е да ја презентира потребата од постоење на баланс помеѓу ова право и правото на заштита на лични податоци. Целта на Проектот е организирање на серија обуки за носителите на информации од јавен карактер, како и организирање јавна кампања за информирање на граѓаните за остварување на нивното право за пристап до информации од јавен карактер. Проектот трае од септември 2007 година до септември 2009 година.

Во функција на поефикасна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во корелација со Законот за заштита на личните податоци, на 2 јули 2008 година се одржа Работилница „Искуства од досегашната примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“ чија целна група беа лицата за посредување со информации од јавен карактер од државните институции и невладиниот сектор, на која Дирекцијата ја образложи потребата од постигнување на баланс помеѓу правото на заштита на личните податоци и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 7.6. Европска унија - TAIEX

Европската Комисија преку инструментот TAIEX, а во соработка со Дирекцијата организираше Семинар за заштита на личните податоци во полициската и судската соработка во казнено-правниот систем што се одржа од 25 до 26 септември 2008 година во Скопје. Главни теми на семинарот беа заштита на личните податоци во првиот и третиот столб на Европската унија, заштитата на личните податоци регулирана со Шенген Конвенцијата, заштита на личните податоци во рамките на Eurojust и Europol, со што се прикажа деталната слика за правото на Европската унија и меѓународните регулативи за заштита на личните податоци во областа на полициската и судската соработка, во функција на исполнување на обврските за обезбедување на потребните мерки за размена на податоците во Шенген информацискиот систем, создавање на потенцијал за позитивна Шенген евалуација и размена на податоци помеѓу полицискиот и судскиот сектор во Република Македонија со Europol и Eurojust. Семинарот го

одржаа претставници од Канцеларија на Европскиот надзорен орган за заштита на личните податоци, Генералниот Секретаријат на Европскиот совет, Eurojust, Europol, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Факултетот за безбедност во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола.

### 7.7. Академија за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија

Проширување на важењето на Законот за заштита на личните податоци при водењето на кривичните постапки, ја наметна потребата од одржување на обуки за заштита на личните податоци во обласста на судството. На 3 октомври 2008 година беше одржана обука на судиите од основните и апелационите судови, како и Врховниот суд на Република Македонија, а на 6 октомври 2008 година беше одржана обука на јавните обвинители од основните и вишите обвинителства, како и Јавното обвинителство на Република Македонија.

### 7.8. „Слободен пристап до судски одлуки“

Во организација на Здружението на судии на Република Македонија, а во соработка и со финансиска поддршка од Одделот за владеење на правото при Набљудувачката мисија на ОБСЕ и Фондацијата Институтот Отворено Општество Македонија на 3 и 4 ноември 2008 година беа организирани две тркалезни маси „Слободен пристап до судски одлуки“ одржани во Штип и Скопје, како сегмент од Проектот „Придонес кон функционален и ефективен судски систем“ на кои од страна на Дирекцијата беа презентирани аспектите за заштита на личните податоци што произлегуваат од меѓународните и национални законски одредби за пристап до судските одлуки, посебно за нивното објавување.

### 7.9. „Заштита на разумните очекувања на приватноста наспроти ефикасноста во борбата со криминалот и корупцијата во правна држава“

На 25 ноември 2008 година се одржа трибина на тема „Заштита на разумните очекувања на приватноста наспроти ефикасноста во борбата со криминалот и корупцијата во правна држава“ чија цел беше размена на мислења и аргументи помеѓу надлежните државни органи, експертската јавност и невладиниот сектор во врска со правното уредување и практичната примена на посебните истражни мерки што ги спроведуваат органите со посебни овластувања, од аспект на барањата на една модерна држава во која владее правото во која се очекува почитување на уставното право на приватност, на која Дирекцијата даде свој забележителен настап и придонес.

### 7.10. Други едукации

Во текот на 2008 година, на барање на контролори од јавниот, приватниот и невладиниот сектор, Дирекцијата организираше :

- Обука за заштита на личните податоци наменета за Агенции за обезбедување на имоти и лица 5 мај 2008 година Скопје;
- Обука за заштита на личните податоци наменета за претставници на бизнис заедницата 6 мај 2008 година Скопје;
- Обука за заштита на личните податоци наменета за претставници на политички партии 27 септември 2008 година Скопје.

Воедно, Дирекцијата партиципираше и на други работилници, трибини и тркалезни маси на кои се дискутираше за различни аспекти на заштитата на личните податоци:

- Работилница „Информатичко општество и медиуми“ 17-18 март 2008 година Скопје;
- Работилница за финализирање на текстот на новиот Закон за евиденции во областа на здравството 29-31 март 2008 Маврово;
- Работилница „Информатичка сигурност“ 5 јуни 2008 година, Скопје;
- Пан Европска конференција „Правни предизвици во сајбер просторот“, 28 септември 2008 година, Струмица;
- Трибина „Слобода наместо страв, побезбедно ли е со камери“, 10-11 октомври 2008 година, Скопје;
- Јавна расправа „Стратегија за широкопојасен интернет“ 31 октомври 2008 година Скопје.

# 8. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

## 8.1. Актуелни прашања

Во текот на 2008 година, клучен императив во работењето на Дирекцијата беше подигнувањето на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста.

Во таа насока, Дирекцијата беше насочена кон афирмирање на правото на заштита на личните податоци пред граѓаните, од една страна кои мора да бидат свесни за ова право со цел ефективно да го остваруваат, како и кон едукација на контролорите, од друга страна, за почитување на нивните обврски што произлегуваат од собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните.

Во текот на 2008 година, најактуелните прашања на кои се фокусираше Дирекцијата беа:

- заштитата на приватноста на младите при користењето на порталите за социјална интеракција и интернетот;
- видео надзорот и
- заштитата на личните податоци во здравството.

Покрај наведените актуелни прашања, Дирекцијата континуирано ја информираше јавноста за заштитата на личните податоци во сите други области од општественото живеење.

## 8.2. Комуникации

Планот и политиките за комуницирање на Дирекцијата со јавноста се креирани врз основа различни алатки за комуникација во зависност од начинот на таргетирање на целната група, но и од моментално актуелните интереси на јавноста и медиумите.

Во текот на 2008 година Дирекцијата комуницираше со јавноста преку:

- прес конференции, интервјуа и други форми на присуство во печатените и електронските медиуми [21]
- обуки, семинари, работилници и тркалезни маси, за повеќе сегментирани јавности [22];
- публикување на брошура „Ти одлучуваш...“, наменета за младата популација, која се однесува на заштита на нивните лични податоци и приватноста;

[21] Табела бр.7 од Анексот кон Годишниот извештај.
[22] Табела бр.8 од Анексот кон Годишниот извештај.

- ажурирање на веб страницата на Дирекцијата, како тријазично портално решение (македонски, англиски и албански јазик) за информирање на јавноста за сите промени и новитети во сферата на заштитата на личните податоци.

### 8.3. Ден за заштита на личните податоци - 28 јануари

За одбележување на 28 јануари, Европскиот ден за заштита на личните податоци, Дирекцијата презеде активности за подигнување на јавната свест за заштита на ова право, кои што беа насочени кон јавноста и контролорите од јавниот и приватниот сектор.

Почетната активност беше одржувањето на конференција за медиумите на 27 јануари 2008 година на која главни теми беа, промоција на брошурата "Ти одлучуваш...", промоција на видео спот како дел од медиумската кампања на Дирекцијата, претставување на новелите на Законот за заштита на личните податоци и најава за активирање на Централниот регистар.

На 28 јануари 2008 година, Дирекцијата организираше Отворен ден за граѓаните кој се реализираше низ две главни активности:
- *Промоција на брошурата "Ти одлучуваш..."* подготвена од страна на Дирекцијата, со поддршка на Фондацијата Метаморфозис. На промоцијата беа присутни 60 ученици од три средни училишта, кои се вклучија во дискусија за заштитата на нивните лични податоци и приватноста и
- *Претставување на новелите на Законот за заштита на личните податоци*, преку презентирање на новините во Предлог Законот за заштита на личните податоци, а воедно информирање на граѓаните и контролорите за новите права и обврски што произлегуваат од овие новини.

### 8.4. Подготовка за одбележување на Денот за заштита на личните податоци – 28 јануари во 2009

Во текот на 2008 година една од најактуелните теми на кои се фокусираа надзорните органи за заштита на личните податоци од земјите членки на Европската унија беше заштитата на приватноста на младите при користењето на порталите за социјална интеракција и интернетот. Следејќи ги овие трендови, а земајќи предвид дека учениците се една од најважните целни групи на кампањата за подигнување на јавната свест за заштита на личните податоци, Дирекцијата кон крајот на 2008 година презеде активности за третото по ред одбележување на Денот на заштита на личните податоци - 28 јануари 2009 година преку подготовка на препораките за заштита на личните податоци на учениците.

# 9. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Внатрешната организациска структура на Дирекцијата е воспоставена во согласност со надлежностите утврдени во Законот за заштита на личните податоци.

Во март 2008 година, Дирекцијата донесе нови акти за внатрешната организација и работа и за систематизацијата на работните места, во функција на нивно усогласување со Уредбата за начелата на внатрешната организација на органите на државна управа, Уредбата за описот на звањата на државните службеници, како и заради создавање на услови за поефикасно вршење на работите и задачите од надлежност на Дирекцијата. Во овој контекст, согласно со видот, обемот и степенот на сложеност на работите и задачите, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, во Дирекцијата се предвидени следните организациски облици:

***Слика бр. 9 Организациска шема на Дирекцијата***




Од прикажаната организациска структура, во текот на 2008 година, во Дирекцијата е формиран нов Сектор за стратешко планирање и анализа на политики, со цел вршење анализа на состојбите во обласата на заштитата на личните податоци, дефинирање на приоритетите, анализирање и предлагање на политики и програми преку кои ќе се остварат овие приоритети, како и предлагање на конкретни активности преку кои ќе се оствари најефективно и најефикасно извршување на надлежностите на Дирекцијата.

Новина во оваа структура претставува и креирањето на Одделение за управување со човечки ресурси и Одделение за внатрешна ревизија, за кои се очекува да започнат да функционираат во текот на 2009 година.

## 10. КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Во текот на 2008 година, Дирекцијата беше насочена кон подобрување на кадровската екипираност, со цел нејзино институционално јакнење и ефикасно работење, поради што започна процес за вработување на двајца раководни државни службеници без јавен оглас од други државни органи и постапка за нови вработувања преку која беа унапредени четворица државни службеници - помлади соработници од Дирекцијата. На крајот на 2008 година, Дирекцијата започна нова постапка за вработување на четворица државни службеници-помлади соработници, која во времето на подготвување на овој извештај е завршена.

Структурата на вработените државни службеници во 2008 година е следна: 13 државни службеници со високо образование, а двајца со средно образование (слика бр.10).

***Слика бр. 10 Преглед на структурата на вработените во Дирекцијата***



# 11. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## 11.1. Реализација на Буџетот за 2008 година

Завршната сметка за 2008 година на Дирекцијата е прифатена на 27.02.2009 година со следните показатели:

| | ***ДЕНАРИ*** |
|---|---|
| Остварен вкупен приход | 9.980.962,00 |
| Остварени вкупни трошоци | 9.980.962,00 |
| Добивка пред оданочување | 0,00 |
| Данок на добивка | 0,00 |
| Распоред на добивката пред оданочување | 0,00 |

| ***Збирни податоци за 2008 година*** | ***ДЕНАРИ*** |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2008 година | 10.617.000,00 |
| Вкупно остварени приходи (трансфери од Буџетот на РМ) | 9.980.962,00 |
| Вкупно реализирани расходи | 9.980.962,00 |

Од вкупниот одобрен буџет на Дирекцијата за 2008 година во износ од 10.617.000,00 денари, реализирани се 94,01%, односно 9.980.962,00 денари. Во однос на структурата на Буџетот, 7.500.000,00 денари или 71% од средствата се однесуваат на плати, надоместоци на плати и придонеси од плати на вработените, 1.025.000,00 денари или 10% од средствата се однесуваат на комунални услуги и 905.000,00 денари или 9% од средствата се однесуваат на патни и дневни трошоци.

***Слика бр. 11 Преглед на реализирани финансиски средства по ставки[23]***




[23] Табела бр.9 од Анексот кон Годишниот извештај.

***Слика бр. 12 Споредба на расходите во 2008 година во однос на 2007 година*** [24]




[24] Табела бр.10 од Анексот кон Годишниот извештај.

## 12. ПРЕПОРАКИ

Врз основа на наодите и констатираните состојби при работењето во 2008 година, Дирекцијата ги дава следните препораки за контролорите и обработувачите за унапредување на правото на заштита на личните податоци во Република Македонија:

- Личните податоци да ги обработуваат во согласност со закон;
- Да обезбедат претходна согласност од субјектот на личните податоци кога вршат обработка на неговите лични податоци без да постои законска основа за тоа;
- Личните податоци да ги чуваат не подолго од времето што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка;
- Личните податоци што ги обработуваат да не се преобемни во однос на целта за која се собираат;
- Да применуваат соодветни технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и да водат документација со опис на мерките што ги преземаат;
- Да го овозможат правото на пристап на физичките лица до нивните лични податоци;
- Лицата кои се овластени за пристап до личните податоци да бидат запознати со начелата за заштита на личните податоци и да работат согласно со упатствата добиени од страна на контролорот;
- Во договорите со обработувачите да се предвидат обврски за обработувачите да преземат технички и организациски мерки за да се обезбеди тајност и заштита на личните податоци и истите да постапуваат единствено во согласност со упатствата добиени од страна на контролорот;
- Да ги регистрираат збирките на лични податоци во Централниот регистар;
- При обработка на личните податоци преку вршење видео надзор да постапуваат согласно членовите 9-а, 9-б и 9-в од Законот за заштита на личните податоци;
- За вршење директен маркетинг, да обезбедат претходна согласност од субјектот на личните податоци, како и да му оставаат можност во секое време бесплатно да ја повлече дадената согласност.

## 13. АНЕКС - Табели со податоци и прегледи

***Табела бр. 1 Податоци за извршените надзори***

| *Податоци за извршените надзори* | *Вкупно* |
|---|---|
| Вкупно извршени надзори | **72** |
| Редовни | **37** |
| Контролни | **1** |
| Вонредни | **33** |
| Изготвени записници | **67** |
| Вратени записници | **50** |
| Изготвени известувања до директорот на Дирекцијата | **50** |
| Донесени решенија | **45** |
| Доставени известувања по решение | **27** |
| Контролори кај кои се утврдени повреди | **64** |
| Контролори кај кои не се утврдени повреди | **3** |

***Табела бр.2 Преглед на контролори и обработувачи кај кои е извршен надзор***

| Назив на контролорот/обработувачот | Бр. на извршени надзори |
|---|---|
| Агенција за вработување на Република Македонија – Кочани | 1 |
| Агенција за вработување на Република Македонија - Центар за вработување Скопје | 1 |
| Агенција за посредување при вработување во земјата и странство со наплата ИМПУЛСИ Скопје | 1 |
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување Скопје | 1 |
| Акционерско друштво за осигурување ВАРДАР Скопје | 1 |
| Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје | 1 |
| Акционерско друштво за осигурување САВА ТАБАК Скопје | 1 |
| Акционерско друштво за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост - Скопје | 1 |
| Акционерско друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД Скопје | 1 |
| Град Скопје | 1 |
| Градежно друштво ГРАНИТ АД – Скопје | 1 |
| Државен завод за статистика на Република Македонија | 1 |
| Државна изборна комисија – Скопје | 1 |
| Друштво за бизнис релации, комуникации, консалтинг и трговија ПРЕЗЕНТ КОМ МК ДОО - Скопје | 1 |
| Друштво за издавачка дејност ДАТА БАНК Анета и др. ДОО Скопје | 1 |
| Друштво за издаваштво, трговија и услуги МЛАДИНСКА КНИГА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 1 |
| Друштво за информациони системи ОН.НЕТ ДОО – Скопје | 1 |
| Друштво за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ – Скопје | 2 |
| Друштво за осигурување СИГАЛ УНИКА ГРУП АВСТРИЈА АД – Скопје | 1 |
| Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД - Скопје | 1 |
| Друштво за производство, трговија и услуги АКА МАРКЕТИНГ И ДИЗАЈН ДОО увоз-извоз Скопје | 1 |
| Друштво за производство, услуги и трговија “КОБРА” | 1 |

| | |
|---|---|
| Бобан и др. ДОО увоз-извоз Куманово | |
| Друштво за производство, услуги, транспорт, промет на големо и мало ИМПУЛС ДОО експорт-импорт Скопје | 1 |
| Друштво за производство,трговија и услуги МОБИЛ ТРЕЈД Томислав ДООЕЛ извоз-увоз Скопје | 1 |
| Друштво за промет и услуги АВОН КОЗМЕТИКС ДООЕЛ – Скопје | 1 |
| Друштво за туризам, маркетинг и услуги ТРАВЕЛ ХАУС ДОО увоз-извоз Скопје | 1 |
| Друштво за услуги и трговија АСТРО ВИЗИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 1 |
| Друштво за услуги КРЕДИТЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 1 |
| Друштво за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија АД „ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ“ - Охрид | 2 |
| ЕВН Електростопанство на Македонија - Крива Паланка | 1 |
| ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија – Скопје | 1 |
| Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица ИНФИНИТИ-СНВ ДООЕЛ – Куманово | 1 |
| Здружение на инвалидски пензионери на општина – Велес | 1 |
| Здружение на пензионери – Карпош | 1 |
| Здружение на пензионери Тафталиџе ДДД – Скопје | 1 |
| Јавна здравствена установа - Републички завод за здравствена заштита Скопје | 1 |
| Јавна здравствена установа Здравствен дом на Скопје ЦО Скопје | 1 |
| Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза ЦО Скопје | 1 |
| Јавна здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза ЈАСЕНОВО со целосна одговорност с. Јасеново – Велес | 1 |
| Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје | 1 |
| Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД Битола | 1 |
| Јавно претпријатие ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – Скопје | 1 |
| Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ - Гостивар ЦО | 1 |
| Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ – Кичево | 1 |
| Јавно претпријатие за комунални дејности – Тетово | 1 |

| | |
|---|---|
| Јавно претпријатие КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Скопје | 1 |
| КБ Прво друштво за управување со пензиски фондови АД Скопје | 1 |
| КОСМОФОН Услуги на мобилна телефонија АД Скопје | 1 |
| Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје | 1 |
| Марјан Ристески | 1 |
| Министерство за здравство – Скопје | 1 |
| Министерство за правда – Скопје | 1 |
| НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД – Скопје | 1 |
| Општина Берово | 1 |
| Општина Делчево | 1 |
| Основно училиште ЛИРИЈА ЦО – Скопје | 1 |
| Посебно основно училиште ИДНИНА ЦО - Скопје | 1 |
| Приватна здравствена установа Аптека РЕПЛЕК – Скопје | 1 |
| Приватна здравствена установа во мешовита сопственост-општа болница РЕ-МЕДИКА – Скопје | 1 |
| Приватна здравствена установа Градска аптека – Скопје | 1 |
| Приватна здравствена установа-аптека ЗЕГИН ФАРМ – Скопје | 1 |
| Приватно средно училиште „ЈАХЈА КЕМАЛ“ ЦО – Скопје | 1 |
| Сонце - Коалиција за Европа | 1 |
| Социјал-демократска партија на Македонија – Скопје | 1 |
| СТАТЕР БАНКА АД – Куманово | 1 |
| Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје | 1 |
| Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ – Скопје | 1 |
| Трговско друштво ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ – Скопје | 1 |
| Урбана заедница „Никола Карев“ – Скопје | 1 |
| Фонд за здравствено осигурување на Македонија | 1 |
| **Вкупно:** | **72** |

***Табела бр. 3 Преглед на дадени стручни мислења***

| **Област/институции** | **Број на мислења** |
|---|---|
| Пензиско и инвалидско осигурување | 4 |
| Финансии | 23 |
| Работни односи и социјална политика | 3 |
| Телекомуникации | 11 |
| Директен маркетинг | 5 |
| Здравство | 13 |
| Адвокатски канцеларии | 9 |
| Државни органи | 65 |
| Физички лица | 53 |
| Меѓународни органи за заштита на личните податоци | 40 |
| Здруженија на граѓани | 6 |
| Стопански комори | 1 |
| Образование | 1 |
| Интернет провајдери | 6 |
| Локална самоуправа | 3 |
| Медиуми | 2 |
| Јавни претпријатија | 7 |
| Осигурување | 4 |
| Приватен сектор | 17 |
| Консултации дадени по телефон | 84 |
| **Вкупно** | **358** |

***Табела бр.4 Преглед на дадени укажувања***

| **Област** | **Број на укажувања** |
|---|---|
| Злоупотреба на лични податоци на Интернет | 5 |
| Директен маркетинг | 2 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 4 |
| Финансии | 3 |
| Здравство | 1 |
| Телекомуникации | 1 |
| **Вкупно** | **16** |

***Табела бр.5 Преглед на постапки по барања на граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци***

| **Област/институции** | **Број на поднесени барања** | **Постапката е завршена** | **Постапката е во тек** |
|---|---|---|---|
| Финансии | 14 | 14 | 0 |
| Телекомуникации | 12 | 12 | 0 |
| Интернет провајдери | 2 | 2 | 0 |
| Државни органи | 10 | 10 | 0 |
| Судство | 3 | 3 | 0 |
| Осигурување | 1 | 1 | 0 |
| Приватни правни лица | 7 | 7 | 0 |
| Политички партии | 2 | 0 | 2 |
| Здруженија на граѓани/фондации | 1 | 1 | 0 |
| **ВКУПНО:** | **52** | **50** | **2** |

***Табела бр. 6 Преглед на регистрирани контролори во Централниот регистар на збирки со личните податоци***

| **Област/институции** | **Број на регистрирани контролори** |
|---|---|
| Банки | 17 |
| Штедилници | 1 |
| Осигурување | 3 |
| Пензиско осигурување | 1 |
| Телекомуникации | 4 |
| Здравство | 3 |
| Државни институции | 13 |
| Јавни претпријатија | 1 |
| Друштва за наплата на долг | 2 |
| Трговски друштва | 9 |
| Маркетинг | 2 |
| Консултантски услуги | 3 |
| **ВКУПНО** | **59** |

***Табела бр. 7 Преглед на медиумска застапеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци***

| ***Вид на медиум*** | ***Број*** |
|---|---|
| Весник | 86 |
| ТВ | 57 |
| Радио | 12 |
| **Вкупно** | 155 |

***Табела бр. 8 Преглед на едукации***

| Вид на активност | Област | Целна група |
|---|---|---|
| Семинар | Заштита на личните податоци во полициската и судската соработка во казнено-правниот систем | Претставници од Министерството за внатрешни работи, судовите и јавните обвинителства |
| Обуки | Заштита на личните податоци на интернет и социјално вмрежување | Ученици, родители и наставници |
| Обуки | Заштита на личните податоци/ Слободен пристап до информации од јавен карактер | Лица за посредување со информации од јавен карактер |
| Работилница | Заштита на личните податоци/ Слободен пристап до информации од јавен карактер | Лица за посредување со информации од јавен карактер од државниот сектор |
| Обуки | Заштита на личните податоци во судството | Судовите и јавните обвинителства |
| Тркалезни маси | Слободен пристап до судски одлуки | Судовите и јавните обвинителства |
| Обука | Запознавање на менаџментот на компаниите со заштита на личните податоци | Членови на Стопанска комора на Македонија |
| Работилница | Заштита на лични податоци и ИКТ | Државен сектор |
| Работилница | Заштита на личните податоци во здравство | Засегнати страни вклучени во креирање на Законот за евиденции од областа на здравството |
| Работилница | Обезбедување на лица и имот | Агенции за обезбедување на лица и имот |
| Работилница | Информатичка сигурност | Државен сектор |
| Обука | Заштита на личните податоци во политичките партии | Политички партии |
| Трибина | Видео надзор | Студенти на Правен факултет, Јустинијан I |
| Јавна расправа | Широкопојасен интернет | Државен сектор и интернет провајдери |
| Обуки | Правна и институционална рамка за заштита на личните податоци | Студенти на Правен факултет, Јустинијан I |
| Конференција | Заштита на приватноста во образовниот систем | Институции на образовниот систем и други засегнати страни |
| Конференција | Сајбер криминал | Студенти по право (ЕЛСА) |

***Табела бр. 9 Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2008 година***

| Ставка | Буџет 2008 | Реализација | Остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **401** | 5.276.000,00 | 5.005.620,50 | 270.379,50 | 94,88 |
| **402** | 2.202.000,00 | 2.157.745,00 | 44.255,00 | 97,99 |
| **403** | 22.000,00 | 13.245,00 | 8.755,00 | 60,20 |
| **420** | 905.000,00 | 890.360,00 | 14.640,00 | 98,38 |
| **421** | 1.025.000,00 | 1.023.416,50 | 1.583,50 | 99,85 |
| **423** | 192.000,00 | 181.301,00 | 10.699,00 | 94,43 |
| **424** | 170.000,00 | 88.423,50 | 81.576,50 | 52,01 |
| **425** | 275.500,00 | 272.183,00 | 3.317,00 | 98,80 |
| **426** | 133.500,00 | 127.545,00 | 5.955,00 | 95,54 |
| **483** | 222.000,00 | 221.122,50 | 877,50 | 99,60 |
| **485** | 194.000,00 | 0,00 | 194.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **10.617.000,00** | **9.980.962,00** | **636.038,00** | **94,01** |

***Табела бр.10 Компаративна табела на реализација на финансиски средства по години***

| Ставка | Реализација 2007 | Реализација 2008 | Промена (2008-2007) | % на промена (2008 во однос на 2007) |
|---|---|---|---|---|
| **401** | 3.795.184,00 | 5.005.620,50 | 1.210.436,50 | 31,89 |
| **402** | 1.609.807,00 | 2.157.745,00 | 547.938,00 | 34,04 |
| **403** | 9.908,00 | 13.245,00 | 3.337,00 | 33,68 |
| **420** | 843.360,00 | 890.360,00 | 47.000,00 | 5,57 |
| **421** | 848.837,00 | 1.023.416,50 | 174.579,50 | 20,57 |
| **423** | 149.616,00 | 181.301,00 | 31.685,00 | 21,18 |
| **424** | 29.400,00 | 88.423,50 | 59.023,50 | 200,76 |
| **425** | 117.819,00 | 272.183,00 | 154.364,00 | 131,02 |
| **426** | 191.629,00 | 127.545,00 | -64.084,00 | -33,44 |
| **483** | 268.957,00 | 221.122,50 | -47.834,50 | -17,79 |
| **485** | 65.310,00 | 0,00 | -65.310,00 | -100,00 |
| | **7.929.827,00** | **9.980.962,00** | **2.051.135,00** | **25,87** |